Билјана ВАНКОВСКА

**УДК: 321.7**
**327.36**

# ТЕОРИЈАТА НА ДЕМОКРАТСКИ МИР: НАДВОРЕШНО-ПОЛИТИЧКА ДИМЕНЗИЈА

***Кратка содржина***

*Концептот на демократски мир (или либерален мир) навидум претставува исцрпена тема во научниот дискурс на политичката наука и на меѓународните односи. Истовремено, таа станува фундамент на надворешната политика на најмоќните демократии, кои ја користат како оправдување за сосема конкретни потфати, како оние за извоз и ширење на демократија во светот. Таквото механичко сфаќање на политичките, па и воените, кругови игнорира многу важни поставки на оригиналниот концепт, а најмногу од сè директно ја злоупотребува Кантовата визија на вечниот мир. Текстот прави критички преглед на теориските, концептуалните и практичните последици од примената на тезата за демократски мир во XXI век. Централната поента се состои во потребата од деконструкција на митот за демократскиот мир.*

***Клучни зборови:*** *ДЕМОКРАТИЈА, МИР, КОНФЛИКТ, ВОЈНА, КАНТ.*

## 1. Место вовед: Демократијата и мирот

Популарната теза дека демократијата е таков политички систем, кој не само што обезбедува слободна артикулација на различните интереси во општеството, туку е и институционален механизам за нивно мирно разрешување, не би била комплетна без својата надворешна димензија. Таа се состои во тезата дека демократијата, по дефиниција, ја поттикнува мирољубивата интеракција меѓу државите. Внатрешната и надворешната димензија на тезата за демократскиот мир потекнуваат од времето на Просветителството, а непрестано се во центарот на политичката дебата уште од времето на првите демократски (граѓански) револуции – Американската и Француската револуција. Таа не само што опстојува низ вековите, туку

како да добива сè поголемо значење во пост-модерната ера која се одликува со т.н. трет бран на демократизација[1], но и тековите на глобализација и извоз на демократија. Внатрешната димензија за иманентната поврзаност на демократијата и мирот, како да е практично и емпириски докажана низ функционирањето на старите демократии. Таа веќе станува попроблематична кога треба да се докаже во случаите на демократизација, затоа што мноштвото истражувања покажуваат дека фазата на демократизација е ранлива, реверзибилна и подложна на насилни конфликти.[2] Меѓутоа, и покрај сите ризици, меѓународната заедница не отстапува од тезата дека демократијата е единствениот и универзален лек за земјите во транзиција, па низ еден активен процес на интервенција (state-building) настојува да ги всади институциите и принципите на либералната демократија. Освен низ демократската асистенција, одредени меѓународни актери и држави преземаат и акции на активно помагање во уривањето на автократските режими со цел да се инсталира демократија.

Надворешната димензија на тезата за демократски мир не е воопшто праволиниска. Од една страна, постоењето на т.н. безбедносни заедници[3] во неколку светски региони[4], како да ја потврдува тезата дека демократиите навистина не војуваат меѓу себе и можат да создадат зони на мир и соработка. Таквите примери како да ја докажуваат Кантовата теза за вечниот мир, пафицифистичката федерација создадена од либерални републики. Но, наспроти овие примери, тезата се покажува како преоптимистичка. Најнапред, демократијата не е заразна, т.е. не може да се шири со наметнување и

---

[1] Samuel P. Huntington, *The Third Wave: Democratization in the Late Twentieth Century*, (Norma: University of Oklahoma Press, 1991).

[2] Научните анализи покажуваат дека етаблираните демократии и етаблираните автократии употребуваат далеку помалку насилство во одржување на поредокот, отколку што е тоа случај со општествата кои минуваат низ етапа на редефиниција на целокупниот економски и политички систем, или кои тукушто излегле од внатрешен насилен конфликт (пост-конфликтни) општества. Според нив, земјите во транзиција се во процент помеѓу 50-70% посклони кон ангажирање во конфликт или војна, во споредба со чисто авторитарните системи. (Edward Mansfield and Jack Snyder, „Democratization and War", *Foreign Affairs*, vol.74, no. 3, May/June 1995).

[3] Поимот и концептот на безбедносна заедница се врзува со името на Карл Дојч. Под безбедносна заедница се подразбира постоење на две или повеќе држави меѓу кои и самата помисла на војна станала, ако не сосема непојмлива и невозможна, тогаш барем е заменета со цврсти очекувања на страен и стабилен мир. Понатамошното дообјаснување на овој концепт, упатува на тезата дека за да стане збор за вистинска безбедносна заедница, државите треба да се соседи или во некаква регионална поврзаност. (Аплицирањето на поимот врз група на држави, како на пример, Непал и Гватемала, бесмислено).

[4] Како примери можат да се посочат транс-атлантската и нордиската безбедносна заедница. Повеќе кај: Haakan Wiberg, „Security Communities: Emmanuel Adler, Michael Barnett and Anomalous Northerners", *Cooperation and Conflict*, vol. 35, no. 3, 2000.ç.

претпоставува внатрешни промени, кои се долготрајни, тешки и автохтони. Освен тоа, бројни истражувања покажуваат дека демократиите не се ништо помалку склони кон мирољубиво однесување на меѓународната сцена, отколку што е тоа случај со не-демократиите (демократиите не војуваат меѓу себе, но војуваат со оние кои ги сметаат за не-демократии, и како такви ги загрозуваат нивните интереси, благосостојба и просперитет). Тоа демократијата ја покажува во вид на богот Јанус, со едно лице кога станува збор за миролубово однесува кон внатре (кон своите граѓани и сродните политички системи) и сосема друго, кога станува збор за однесувањето кон недемократиите или конфликтните ситуации во разни делови на светот, кои се сместени во т.н. сива зона или светска периферија. Со други зборови, многу е полесно да се каже дека развиените и стабилни демократии можат да воспостават „сепаратен мир" во вид на безбедносна заедница, но потешкиот дел од тезата за докажување е оној според кој демократиите се безгрешни (целосно мирољубиви и ненасилни) во својата надворешна политика.

Тезата за демократскиот мир својата најголема популарност ја доживеа во времето на крајот на Студената војна, а знаменосецот беше Френсис Фукујама кој побрза да кликне дека либералната демократија е глобален победник, што на извесен начин доведува до крај на историјата (на битката меѓу идеологиите, на Западот и Истокот, но и на нивните меѓусебни конфликти). Ентузијазмот и вербата во т.н. мировна дивиденда набргу се покажаа неосновани. Во меѓувреме не само што се намножија формално-демократски држави, туку светот доживеа дестабилизација заради пожарот што го предизвикаа неколку кризни жаришта на крвави внатрешни конфликти, но по НАТО интервенцијата во 1999-та и особено настаните од 11 Септември (2001-та) демократиите се втурнаа во неколку воени конфликти со различни образложенија и оправдувања (од хуманитарна интервенција и заштита на човекови права, до самоодбрана, уривање на сурови диктаторски режими и борба против тероризмот и средствата за масовно уништување). Тоа е токму периодот кога развиените демократии ги манифестираа своите слабости на внатрешно-демократско функционирање во услови на војна, но и на почитување на правилата на меѓународното право.

Светот на почетокот на XXI век е драматично поинаков од оној во средината на минатиот век, кога впрочем настана и процутот на литературата за демократскиот мир, или за поврзаноста на демократијата и мирот. Најновите навраќања на теоријата на демократски мир дури изнесуваат аргументи според кои денес е тешко да се

најде емпириска потврда на тезата дека демократиите не војуваат меѓу себе. Според нив, по 1989 година, стапката во која демократските држави се ангажираат во други конфликти не се разликува значително од онаа која може да се сретне кај не-демократиите.[5]

За истражувачите на мирот и теоретичарите на демократијата денес стојат незавршени задачи, меѓу кои е и преиспитувањето на тезата дека либералната демократија е доволен предуслов за ширење на мир во државите и меѓу нив.

## 2. Теориска рамка на демократскиот мир

Теоријата за демократски мир (democratic peace theory) се среќава и под името теорија на либерален мир (liberal peace). Концептот на либерален мир се позврзува со името на Мајкл Дојл, т.е. со неговото класично дело „Кант, либералното наследство и надворешните работи" од 1983.[6] Значи, базичната инспирација на теоријата потекнува од Кант[7], додека Дојл само модерно го ре-дефинира она што Кант во свое време го нарекувал либерални републики. Според Дојл, либералните држави се одликуваат со определен облик на претставничка демократија, пазарно стопанство засновано на заштитата на правото врз приватната сопственост, како и уставна заштита на граѓанските и политичките права. Во суштината на овој концепт е вградена тезата дека демократиите скоро никогаш не војуваат една со друга, па логично – ширењето на демократијата би довело до мирољубив свет, во кој споровите би се решавале со мирољубиви средства, низ институциите и со почитување на нормите/законите, на сличен начин како што своите внатрешни судири ги менаџира секоја демократска држава.

Под името теорија на демократскиот мир, всушност, се подведува цел сет на теориски размислувања, кои меѓу себе можат да се разликуваат по многу основи, но за кои е заедничко следното: демократијата овозможува услови за ненасилно однесување кон внатре и во односите со другите субјекти на меѓународната сцена. Теориската основа подеднакво може да се поврзе со политичката наука, и особено со теоријата на меѓународните односи и меѓународната безбед-

[5] Joanne Gowa, „The Democratic Peace after the Cold War", *Princeton University*, November 2006, http://www.princeton.edu/~csdp/events/pdfs/seminars/Gowa113006. pdf.

[6] Michael Doyle, „Kant, Liberal Legacies, and Foreign Affairs", *Philosophy and Public Affairs*, Vol. 12, No. 3 (Summer, 1983), pp. 205-235.

[7] Imanuel Kant, „Ve?ni mir : filozofski nacrt", (Beograd : Gutembergova Galaksija, 1995).

ност. Во таа смисла, конкретниот лик и аргументи ќе зависат од теориското становиште што го протежираат авторите, и особено од тоа како ги дефинираат поимите демократија, соработка и војна/мир. Нормативната (вредносната) компонента на оваа теза има таква тежина што скоро и да нема школа која би го демантирала мирољубивиот потенцијал на демократијата на национален и меѓународен план. Меѓутоа, очигледни разлики се јавуваат во линијата на аргументацијата зошто демократиите не војуваат меѓу себе, кои можат да се движат од (нео)реалистичката, (нео)либералната, па се до социјалниот конструктивизам. Лимитите на оваа теорија сè состојат во емпириски проверената теза дека демократските држави не се апсолутно мирољубиви, туку подеднакво воинствени кога станува збор за судири со недемократски опоненти. Демократскиот мир, затоа, не може да се смета за конечно пронајдениот механизам за воспоставување на светски мир, туку само на т.н. сепаратен мир. Секако, теоријата на демократски мир е предмет и на далеку посериозни критички обсервации, најчесто заради можноста во име на ширењето на демократијата, и следствено – мирот, да се протежираат себични (скриени) национални, гео-политички и економски интереси на главните пропоненти. Во таа смисла, се зборува не само за либерален мир, туку и за либерален империјализам.

Концептот на демократски мир се врзува големиот германски филозоф Имануел Кант и неговото дело за Вечниот мир (1795 година), што сосема не одговара на историската вистина. Носителите на просветителските идеи, како Русо, Монтескје, Пејн и Годвин уште пред него ја застапувале тезата дека државите кои израснуваат на демократски основи се нужно и против водењето на војни. Кантовата визија за вечниот мир се заснова на неколку премиси. Првата се однесува на републиканскиот облик на државата и нејзиниот граѓански устав. Републиканскиот устав се темели на три принципа: а) принципот на слобода за сите членови на општеството (како луѓе), б) принципот на подведување на сите во однос на единствено заедничко законодавство (како субјекти) и в) принцип на правна еднаквост на секого (како граѓани). Републиките се мирољубиви затоа што одлуката да се оди во војна или не зависи од согласноста на граѓаните. Според него, постои природна тенденција државите да се организираат како републики, затоа што ова е најсоодветниот политички облик во кој нивото на легитимност кај политичките водачи е највисоко, т.е. произлегува од народната поддршка за државната политика. Во обратен случај, државата не може да биде функционална и ефикасна. Ако е тоа природна законитост, тогаш било логично да се

очекува процес на ширење на либерални републики кои меѓу себе нема да војуваат, затоа што нивните демократски влади ќе бидат под директна контрола на своите граѓани, кои се природно резервирани кон влегување во војна затоа што се свесни дека тоа ќе го наруши нивниот секојдневен живот, а цената на војувањето ќе ја платат тие самите. Всушност, за голем број автори постоењето на ЕУ е токму доказ за предвидувањето на Кант, кој ја антиципирал зоната на мир во постојана експанзија, како и економската интеракција меѓу слободните либерални републики. Врз основа на серија на статистички истражувања и структурирани историски податоци, во XX век се извлекуваат главните хипотези на теоријата на демократски мир:

- Демократиите се многу помирољубиви (ненасилни) во својот внатрешен поредок отколку другите политички режими.
- Државите кои интензивно тргуваат меѓу себе ќе бидат многу помалку вклучени во војни отколку државите меѓу кои нема такви економски релации;
- Еден пар на демократски држави ќе биде многу поуспешен во одржувањето на мирољубиви меѓусебни односи отколку пар на држави од кои едната е недемократска држава.

Навраќајќи се на оригиналната Кантова мисла, важно е да се укаже на неколку поенти. Кант, според некои аналитичари, не би можел да се категоризира како припадник на идеалистичката школа.[8] Имено, иако времето во кое тој ги изнесува своите размислувања не давале основа да се верува дека неговата идеја е воопшто остварлива, сепак гледано од денешен аспект, многу од тие елементи се денес стварност. Од друга страна, Кант бил сосема реалистичен кога верувал дека зоната на мирот ќе може да се оствари само меѓу либералните републики (либералните демократии). Тој не сметал дека демократијата ќе води до целосна аболиција на војната, туку само на војните меѓу демократиите. (Секако, демократиите располагаат со средства за одбрана на својата територијална целовитост и своите граѓани). Но, она што демократиите ги спречува да војуваат едни против други, според него, лежи во два вида на причини: морални и економски. Моралните причини лежат во споделувањето на заедничките вредности, како што се легитимитетот на власта (како израз на волјата на граѓаните), взаемниот респект за другиот и принципот на соработка. Заради споделувањето на заедничката морална основа (принципи и вредности), според Кант, зоната на мир или пацифич-

[8] Georg Sorensen, „Kant and Process of Democratization: Consequences for Neorealist Thought", *Journal of Peace Research*, vol. 29, no. 4, 1992.

ката унија не е резултат на некаков формално-правен и потпишан договор меѓу нив. Демократскиот и ненасилен начин на справување со внатрешните проблеми само се отсликува во надворешните, меѓудржавни односи. Возвраќајќи на добро со добро однесување на меѓународен план, државите спонтано влегуваат во маѓепсан круг на сè поблиска и поинтензивна соработка. Или како што вели Кант, како што расте културата, а луѓето постепено се движат кон сè поголем договор во врска со нивните меѓусебни принципи, така доаѓа до заемно разбирање и мир. Соработката претпоставува транспарентност и отвореност во меѓусебната комуникација, која од своја страна создава меѓусебна доверба. Кога станува збор за економските причини, тука се мисли на бенефитите што со себе ги носи меѓусебната трговија и вложувања. Само во зоната на мирот е можно духот на размената да зацарува, а можноста од профит ја јакне меѓународната економска соработка. Испреплетеноста и меѓузависноста кои ги носи економската соработка делува како дополнителен фактор во јакнењето на политичката и мировна унија меѓу сличните држави. Автархијата и изолацијата стануваат непродуктивни и штетни, што кај државите создава свест за припадништво кон една заедница (community) и желба истата да се одржи стабилна и просперитетна.

Во Кантовата визија зоната на мирот може да настане само ако кумулативно се исполнети трите потребни услови: вантершна демократија, унија меѓу демократиите заснована на исти морални основи, и унија зајакната со меѓусебна соработка и меѓузависност на економиите. Но, демократиите продолжуваат да војуваат против оние кои не ги делат нивните морални начела. Вечниот мир во светот може да завладее само под услов сите држави да станат демократски, т.е. да прифатат еднакви морални, политички и економски начела на однесување.

Во својата теза за поврзаноста на капитализмот и демократијата, Џозеф Шумпетер настојува да ја поткрепи тезата дека демократиите (од западен, капиталистички тип) се инхерентно мирољубиви. Во „Социологијата на империјализмот“ (1919 година) тој укажува на инхерентната мирољубивост (неагресивност) на принципите на либералните принципи и институции, па зборува за т.н. либерален пацифизам.[9] Според неговата аргументација, капитализмот е во основа рационален, т.е. доминира економски рационализам, кому не му погодува нестабилност и војување. Луѓето се „демократизирани, инди-

---

[9] Joseph Schumpeter, *Capitalism, Socialism and Democracy*. Citirano spored: Michael Doyle, *Ways of War and Peace*, NY: W. W. Norton, 1997.

видуализирани и рационални", односно секојдневно преокупирани со процесот на производство, а бараат општеството да е организирано по демократски пат. Дотолку повеќе што, според Шумпетер, индустриските работници се жестоко анти-империјалистички настроени. Според оваа едноставна логика демократскиот капитализам води кон мир, затоа што војна не посакува никој освен воените профитери и воените кругови. Економскиот профит и пристапот до суровини стануваат достапни и без воени освојувања.

Најдоследен продолжувач на Кантовата идеја е Мајкл Дојл, чии дела претставуваат основна референца во сите натамошни изучувања и застапувања на тезата за демократски мир.[10] Дојл ја обновува идејата, но овој пат поткрепена со емпириски и статистички податоци, кои недвосмислено покажуваат дека низ историјата никогаш не се случило две демократски држави да стапат во воен конфликт. Со други зборови, внесен е поимот на дијада (двојство, пар на држави) за кои може да се изрази законитост, до тој степен на доверливост што денес веќе доживува судбина на клише.

Тенденцијата на истражувања засновани на низа емпириски, историски и статистички податоци ја продолжува и Румел кој фокусот го става на т.н. либертарни држави (т.е. држави засновани на принципите на политичка и економска слобода) и го истражува степенот на нивна инволвираност во конфликти (над нивото на економски санкции) со делумно слободни и не-слободни држави. Неговиот заклучок е недвојбен: слободните држави се помалку ангажирани во насилство во надворешните односи.[11] Натамошните истражувања, сепак, воведуваат модификација на основната теза за мирољубивоста на слободните (демократски) држави. Најголем теориски придонес во оваа смисла дале Смол и Сингер, кои опфаќајќи подолг историски период во своите анализи, докажуваат дека нема значителни разлики меѓу демократиите и не-демократиите во контекст на нивната инволвираност во воени судири.[12] Надеж и оптимизам, сепак, внесува сознанието дека практиката покажува дека иако подеднакво склони на војување, демократиите не војуваат меѓу себе. А тоа е теза во врска со која навидум воопшто нема теориски несогласувања, иако главната дубиоза произлегува од тоа како се дефинира што е тоа демократија, но и што е тоа војна (воен судир). Хипотезата оста-

---

[10] Michael Doyle, „Kant, Liberal Legacies, and Foreign Affairs", *ibidem*.

[11] Rudolph J. Rummel, „Libertarianism and International Violence", *Journal of Peace Research*, vol. 20, no. 3, September 1983.

[12] Melvin Small and David Singer, „The War-Proneness of Democratic Regimes", *The Jerusalim Journal of International Relations*, vol. 1, no. 4, Summer 1976.

нува валидна само доколку под демократија се подразбира формална демократија, а под војна се подведат директни меѓу-државни судири во кои има најмалку 1000 жртви.

Меѓутоа, заради континуираниот интерес основната теза за демократскиот мир со текот на времето е надополнета со заклучоци изведени од повеќе автори, како:

- Демократиите најчесто победуваат во војните кои ги водат против недемократиите;[13]
- Во војните кои тие ги иницираат, демократиите обично имаат помалку жртви, а борбите траат пократко, отколку кога тоа го чина недемократиите;[14]
- Кога две демократски држави се во конфликтна ситуација тие одбираат употреба на помирољубиви облици на решавање на спорот, отколку две поинакви држави;[15]

### 3. Демократиите не војуваат меѓу себе: зошто?

Магичната моќ на демократијата и откритието дека демократиите не војуваат меѓу себе автоматски не даваат одговор на тоа зошто е тоа така. Нивото на трошоци за вооружување, воени истражувања, тренинзи, воени операции од најразличен вид, не покажуваат тенденција на опаѓање. Напротив, глобалната милитаризација е една од најсериозните безбедносни закани за светот во XXI век.[16] Одговорите за тоа што е тоа што демократиите ги прави мирољубиви во меѓусебните односи зависат од теориското стојалиште (на полето на меѓународните односи). На пример, реалистите тврдат дека заедничките интереси, а не обликот на внатрешното политичко (демократско) уредување, е она што демократиите ги наведува да соработуваат. Меѓународната соработка, особено со оние кои им се слични според вредносните, политички и економски параметри, ги доведува демократиите до сознанието дека во еден глобализиран свет, тоа е најдобриот начин за остварување на сопствените национални инте-

---

[13] David Lake, „Powerful Pacifists: Democratic States and War," *American Political Science Review*, vol. 86, no. 1, (March 1992); Dan Reiter and Allan C. Stam III, „Democracy, War, Initiation, and Victory," *American Political Science Review*, 92:2 (June 1998).

[14] Randolph M. Siverson, „Democracies and War Participation: In Defense of the Institutional Constraints Argument," *European Journal of International Relations*, 1 (December 1995)

[15] Michael Mousseau, „Democracy and Compromise in Militarized Interstate Conflicts, 1816–1992," *Journal of Conflict Resolution*, 42:2 (April 1998).

[16] Abbott Chris et al, *Global Responses to Global Threats: Sustainable Security for 21$^{st}$ Century,* (Oxford: Oxford Research Group, 2006).

реси. Отсуството на т.н. централна (светска) влада меѓународниот поредок го остава во познатата анархија, во која сличните се поврзуваат со сличните на себе, но не во желба да создадат наднационална мирољубива унија во Кантова смисла, туку заради заштита на својата безбедност и националните интереси. Припадниците на либералната (идеалистичката) школа тврдат дека државите не се единствените играчи на меѓународната сцена, ниту пак нивна главна преокупација е стравот од можни безбедносни закани. Тие веруваат дека во услови на зрела анархија државите имаат инхерентен интерес да соработуваат и да се координираат и советуваат по бројни прашања од заеднички интерес. Затоа, пресудна улога им се дава на меѓународните норми на однесување (социјализација), на меѓународните форуми и институции низ кои се остварува интеракцијата не само на државите, туку и на низа не-државни меѓународни субјекти. Меѓутоа, иако навидум станува збор за две крајно спротивставени теориски позиции, сепак, тезата за демократскиот мир е прифатлива и за двете страни, додека во практиката се случува да доминира злоупотребата на базичната либерална теза за остварување на целите на реал-политик агендата на најразвиените земји (т.е. стари демократии). Интересен е феноменот дека, особено од моментот на завршување на Студената војна, стратегијата на пацификација на светот се сведува на извоз на демократија со најразлични средства и методи, вклучувајќи и насилни. Заради употребната вредност на оваа теза, уште од почетокот на 90-те години на XX век, идејата за демократскиот мир станува централна точка на западните академски и политички кругови, а аргументацијата за тоа зошто демократиите не војуваат меѓу себе се мултиплицира. Широкиот спектар на објаснувања на мирољубивиот потенцијал на демократијата, сепак, може да се сведе на неколку основни.

- Најчесто нагласени се т.н. структурни (институционални) фактори, т.е. ограничувања на кои се подложни политичките елити во демократиите, а кои ги присилуваат да го почитуваат расположението на своите (мирољубиви) граѓани. Во таа смисла, најчесто користен аргумент е оној дека уставно-правните механизми во демократските држави, како и постоењето на јавна критичка дебата по најважните прашања, претставуваат вистинска брана, која спречува влегување во војни. Тие, всушност, намерно го успоруваат процесот на донесување на одлука за стапување на војна, што отвора простор за мирно несогласување со противникот и доаѓање до солуција по мирен пат. Демократиите

меѓу себе не мораат да се плашат од изненаден напад, како што тоа би бил случај кога спорот би бил со недемократска држава која не почитува никакви норми на однесување. Демократскиот лидер не смее на своја рака да донесе одлука за стапување во војна, односно тоа право е врзано со ингеренциите на највисокото претставничко тело. Освен тоа, како што укажуваат некои автори, главна цел на демократските елити е да бидат повторно избрани на власт, па затоа внимаваат како го трошат својот мандат и ретко преземаат ризични потфати кои би значеле пораз на нивната политика. Но, од друга страна, кога стапуваат во војна тие се борат поупорно и за победата се подготвени да употребат неограничени ресурси. Од таа причина, демократиите влегуваат во воен судир само кога имаат оценка дека можат да победат (секако, освен во ситуација кога се нападнати).

- Вториот тип на објаснувања се фокусира на значењето и влијанието на етичките норми и заедничките вредности, кои овозможуваат поголем степен на взаемна доверба, позитивна перцепција за другите (демократски) држави и неволност да се војува со некој кој се смета за еднакво вреден и морален. Овој т.н. нормативен аргумент тргнува од претпоставката дека демократиите негуваат перцепции за другите демократии како за рационални, предвидливи и доверливи партнери. Затоа, демократиите егзистираат според принципот „живеј и остави ги и другите да живеат“, што е основата за взаемна доверба и стабилност.
- Третиот тип на објаснувања лежи во потенцирањето на економската (рационална) логика на капитализмот и економската меѓузависност, која кај државите го јакне чувството дека војната не само што е скапа, туку и го уназадува бизнисот. Особено трговијата, односно взаемната размена на стоки, услуги, капитал, се смета за фактор кој ги јакне врските меќу државите, желбата за соработка, но и промовира нови норми на однесување во меѓународните односи, т.е. повеќе прилагодување отколку конфронтација. По ефектот на прелевање (spill-over effect) економската поврзаност доведува и до облици на политичка соработка, кои дури можат да имаат федералистички состојки.

Очигледно, сите изнесени аргументации не одат многу подалеку од Кантовите тези, ниту пак се меѓусебно некомпатибилни.

Всушност, денес најмногу доминираат комплексните теориски обиди, кои ги комбинираат овие аргументи, а крајниот резултат е една мулти-димензионална приказна за тоа зошто демократиите не војуваат едни против други.[17]

## 4. Наместо заклучок: Деконструкција на демократскиот мир

Досегашната анализа покажа дека теоријата на демократски мир, низ анализите и емпириските истражувања на низа автори, е трансформирана во еден сет на тврдења, кои се сметаат за теориски докажани. Но, политичките кругови како оправдување на своите одлуки од меѓународно значење овие тези ги трансполираат во следната серија на политички постулати:

- Демократиите се инхерентно мирољубиви, освен ако се нападнати (или под закана) од страна на авторитарни режими;
- Употребата на сила демократиите ја оправдуваат низ тврдењето дека таа е насочена само кон реални закани по нивната безбедност, а кои доаѓаат од земјите отпаднички од меѓународниот систем (т.н. rogue states), кои се закана за нивниот демократски стил и начин на живот;
- Бидејќи демократиите не војуваат едни против други, логично најефикасен начин да се постигне глобална безбедност и мир е да се промовира ширење на демократијата.

Ваквото поедноставување на тезата за демократски мир, всушност, е упатено кон домашната јавност на демократиите, во кои политичарите мораат да ги освојат срцата на своите граѓани и да обезбедат поддршка за своите воени потфати против недемократиите. Според одредени размислувања, тоталната и буквална примена на демократските принципи во сферата на надворешната политика може да биде штетна, бидејќи мирољубивите граѓани може да не бидат подготвени да застанат зад авантуристичката политика на својата влада. Всушност, американското искуство од Виетнамската војна покажува дека власта може да биде поразена од протестите на своите граѓани, драстичната смена на јавното мислење и медиумите кон прашањето за оправданоста на една војна. Оттука, денешните елити особено водат сметка за начинот на обработување (придобивање) на јавното мислење на своја страна, т.е. грижливо преземаат акции кои

[17] John Owen, „How Liberalism Produces Democratic Peace," in Sean Lynn-Jones, Michael Brown and Steven Miller (eds.), *Debating the Democratic Peace* (Cambridge: MIT Press, 1996).

ќе им обезбедат легитимитет во очите на своите граѓани, но и во меѓународната арена. Умешноста во таквите пропагандистички акции оди до совршенство, така што многу често зад наведената причина за војната (која најчесто се именува поинаку, како: хуманитарна интервенција, заштита на човекови права или дури превентивна акција за заштита на својата национална безбедност), вешто се сокриваат геостратешките интереси и борбата за витални ресурси (најчесто, нафтените извори). Всушност, демократската власт во една држава која веќе обезбедила висок животен стандард за својата популација се наоѓа постојано изложена на опасноста да потфрли во смисла на обезбедување на таквиот лагоден начин на живот (на пример, неограничен пристап до енергија, ефтина цена на бензинот и сл.), па со свет во кој енергетските ресурси стануваат сè полимитирани, војните се водат (и ќе се водат) најчесто заради вакви причини.

Имајќи предвид дека западните влади скоро еднодушно ја прогласуваат либералната демократија за универзален лек против сите болести на денешниот свет, а истовремено ширењето на демократијата се спроведува далеку почесто низ употреба на воена сила отколку низ други методи, тогаш во центарот на теориската дебата се издвојува прашањето дефинирано од Роберт Кокс: за кого и за каква цел е конструирана теоријата за демократскиот мир?[18]

Деконструкцијата на оваа теорија низ обидот да се даде одговор на ова круцијално прашање, всушност, покажува дека и една благородна и либерална идеја може да послужи како извонредна флоскула за водење на сосема спротивна политика од онаа која навидум се прокламира.[19] Всушност, станува збор за чисто западна теза, затоа што најчесто постоењето на демократија (односно утврдувањето која држава е легитимна цел за војување затоа што е недемократска) се утврдува низ параметрите на либералната (западна) демократија. Сè што отстапува од моделот може лесно да се најде на спротивната страна. Како што веќе рековме, војувањето денес добива најразлични форми, односно се затскрива зад поинаква реторика, која дури го злоупотребува и концептот на мировни и хуманитарни операции. Сè уште се среќава и тезата за мисионерската и цивилизаторска улога на западните демократии, кои носат директна одговорност за слу-

---

[18] Robert Cox, „Social Forces, States and World Orders: Beyond International Relations Theory," in Robert E. Keohane (ed.), *Neorealism and its Critics*, (New York: Columbia University Press, 1986): 204.

[19] Kyle Grayson, „Democratic Peace Theory as Practice: (Re)Reading the Significance of Liberal Representations of War and Peace", *YCISS Working Papers*, no. 22, March 2003.

чувањата (внатрешните конфликти) во своите поранешни колонии. Тезата за демократски мир, исто така, останува неоспорена дури и кога се користи сила со посредник (war by proxy). Моќта на западните демократии се огледува и во тоа што тие креираат дури и т.н. географија на злото, а светот го делат на центар и периферија. Нормите на демократското и цивилизирано однесување се однесува само на центарот, додека за периферијата (втурната во крвави внатрешни конфликти, чии корени често лежат токму во колонијалното наследство) важат сосема поинакви принципи. Тезата за природната агресивност на авторитарните системи е често само алиби за преземање на цивилизаторската улога на Западот (како во случајот на интервенциите во Хаити, Ирак, итн.). Во практиката може да биде и сосема спортивно: исцрпени од потребата со сила да го одржуваат сопствениот предок, авторитарните системи најчесто немаат капацитет да ги загрозат демократиите. Меѓутоа, тука на сцена стапува новата позиција дека светот не може мирно да гледа како еден автократски режим масовно ги крши човековите права на своите граѓани, па на сцена стапува интервенционистичката акција на демократскиот свет (responsibility to protect).

Конечно, сосема е евидентно дека признаените демократии не се апсолутно мирољубиви ниту во своите внатрешни односи. Тоа го покажуваат не само акциите на полициска бруталност против внатрешни немири, туку дури и немоќта да се разрешат долгогодишни внатрешни кризи (Северна Ирска, на пример). Затоа, дефиницијата на зоната на мир која ја сочинуваат демократските држави е само условна, односно одговара на една позната дефиниција. Според неа, зона на мир е определен географски регион во кој група на држави ги одржува мирољубивите односи во меѓусебните односи, во период подолг од триесет години, иако граѓански војни и домашно насилство сè уште може да се јави во нивните граници, исто како и нивно учество во меѓународни конфликти и кризи меѓу самите демократски држави.[20]

Визијата за вечниот мир е далеку од реалноста на XXI век, кој е многу поблиску до нови инвенции за оправдување и легитимирање на воените судири, отколку до прифаќање на демократско однесување на сите нивоа.

(Рецензент: *проф. д-р Лидија Георгиева*)

---

[20] Arie Kacowicz, „Explaining Zones of Peace: Democracies as Satisfied Powers?," *Journal of Peace Research*, vol. 32, no. 3 (1995).

## ЛИТЕРАТУРА:


Abbott Chris et al, *Global Responses to Global Threats: Sustainable Security for 21$^{st}$ Century,* (Oxford: Oxford Research Group, 2006).

Cox Robert, „Social Forces, States and World Orders: Beyond International Relations Theory," in Robert E. Keohane (ed.), *Neorealism and its Critics*, (New York: Columbia University Press, 1986), p. 204.

Doyle Michael, „Kant, Liberal Legacies, and Foreign Affairs", *Philosophy and Public Affairs*, Vol. 12, No. 3 (Summer, 1983).

Gowa Joanne, „The Democratic Peace after the Cold War", *Princeton University,* November 2006, www.princeton.edu/~csdp/events/pdfs/seminars/Gowa113006.pdf

Grayson Kyle, „Democratic Peace Theory as Practice: (Re)Reading the Significance of Liberal Representations of War and Peace", *YCISS Working Papers*, no. 22, March 2003.

Huntington P. Samuel, *The Third Wave: Democratization in the Late Twentieth Century*, (Norma: University of Oklahoma Press, 1991).

Kacowicz Arie, „Explaining Zones of Peace: Democracies as Satisfied Powers?," *Journal of Peace Research*, vol. 32, no. 3 (1995).

Imanuel Kant, „Ve?ni mir: filozofski nacrt", (Beograd: Gutembergova Galaksija, 1995)

Lake David, „Powerful Pacifists: Democratic States and War," *American Political Science Review*, vol. 86, no. 1, (March 1992).

Mansfield Edward and Snyder Jack, „Democratization and War", *Foreign Affairs,* vol.74, no. 3, May/June 1995.

Mousseau Michael, „Democracy and Compromise in Militarized Interstate Conflicts, 1816–1992," *Journal of Conflict Resolution*, 42:2 (April 1998).

Owen John, „How Liberalism Produces Democratic Peace," in Sean Lynn-Jones, Michael Brown and Steven Miller (eds.), *Debating the Democratic Peace* (Cambridge: MIT Press, 1996).

Reiter Dan and Stam C. Allan, „Democracy, War, Initiation, and Victory," *American Political Science Review*, vol. 92, no. 2 (June 1998).

Rummel J. Rudolph, „Libertarianism and International Violence", *Journal of Peace Research*, vol. 20, no. 3, September 1983

Schumpeter Joseph, *Capitalism, Socialism and Democracy*. Citirano spored: Michael Doyle, *Ways of War and Peace*, NY: W. W. Norton, 1997.

Siverson M. Randolph, „Democracies and War Participation: In Defense of the Institutional Constraints Argument," *European Journal of International Relations*, 1 (December 1995).

Sorensen Georg, „Kant and Process of Democratization: Consequences for Neorealist Thought", *Journal of Peace Research*, vol. 29, no. 4, 1992

Wiberg Haakan, „Security Communities: Emmanuel Adler, Michael Barnett and Anomalous Northerners", *Cooperation and Conflict*, vol. 35, no. 3, 2000.

Biljana VANKOVSKA

## DEMOCRATIC PEACE THEORY: EXTERNAL POLITICAL DIMENSION

### Abstract

*At first glance, the concept of democratic peace (or liberal peace) may look like theoretically exhausted theme of the scholarly discourse in the fields of political science and international relations. Nevertheless, it represents the core of the most powerful democracies' foreign policies, which is being used for justification of their concrete endeavors such as export of democracy. That kind of mechanical understanding dominant in the policy-making and military circles ignores some of the main postulates of the original theoretical concept, and most of all leads towards misuse of the Kantian vision of eternal peace. The article gives critical overview of the theoretical, conceptual and practical consequences of the application of democratic peace thesis at the beginning of the 21 century. The focal point is the need of deconstruction of the myth of democratic peace.*

***Key words:*** *DEMOCRACY, PEACE, CONFLICT, WAR, KANT.*